**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**IV ГОДИНА**

## *ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА*

### *Техничар за хортикултура*

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: техничар за хортикултура

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Практична обука

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 6 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 198 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***практична настава*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да одгледува градинарски и цвеќарски видови на отворено и во заштитени простори;
- да ги негува лисно-декоративните и цветно-декоративните цвеќиња одгледувани во саксија;
- да се грижи за растенијата и објектите во паркот;
- да врши ентериерно уредување на деловни, станбени, јавни и други објекти;
- да ги применува системите за органско градинарско производство;
- да изработува цветни аранжмани со различни стилови и за различни пригоди;
- да користи заштитни средства при работа;
- да се вклучува во тимска работа.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

Заради полесно совладување на содржините по предметот ***практична настава*** потребно е учениците да поседуваат одредени предзнаења од општообразовните предмети посебно од подрачјето на биологијата и хемијата, како и знаења од посебностручните предмети како педологија и ботаника со систематика од II година, земјоделска техника и методи на размножување и селекција од II и III година, подигање и одржување на паркови, производство на цвеќе во заштитени простори и цвеќарство на отворено од III година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ЦВЕЌАРСТВО НА ОТВОРЕНО** | **48** | ***Ученикот:***<br>- да одгледува градинарски култури на отворено;<br>- да ги негува градинарсктие култури во текот на вегетација;<br>- да го определува моментот на берба;<br>- да врши берба на градинарските култури;<br>- да одгледува едногодишни, двегодишни и повеќегодишни цветни видови;<br>- да одгледува луковичести цвеќиња;<br>- да избира соодветен репродуктивен материјал за размножување;<br>- да собира, прочистува, суши и складира семиња за репродукција;<br>- да користи хидропоника за | - Демонстрирање на постапки за нега и одгледување на градинарските култури;<br>- демонстрирање на техники за користење на алат, прибор и материјал за негување на цвеќињата;<br>- демонстрирање на постапки за собира, прочистува, суши и складира семиња за репродукција;<br>- демонстрирање на постапки за примена на превентивни и директни мерки за заштита на цвеќињата и градинарските култури. | - Цвеќарство на отворено |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | одгледување на цвеќарски видови;<br>- да применува превентивни и директни мерки за заштита на цвеќињата и градинарските култури;<br>- да применува принципи на органско производство на градинарски култури. | | |
| **2. ПРОИЗВОДСТВО НА ЦВЕЌЕ ВО ЗАШТИТЕНИ ПРОСТОРИ** | **48** | - Да одгледува градинарски култури во заштитени простори;<br>- да ги негува градинарските култури во текот на вегетација во заштитени простори;<br>- да одгледува, негува и чува цвеќиња за режан цвет;<br>- да го определува моментот на берба на културите во заштитени простори;<br>- да ги негува лисно-декоративните цвеќиња одгледувани во саксија;<br>- да ги негува цветно-декоративните цвеќиња одгледувани во саксија;<br>- да организира производството на цвеќарските видови: перени, сукуленти, едногодишни и двегодишни;<br>- да врши ентериерно уредување на деловни, станбени, јавни и други | - Демонстрирање на практични примери за одгледување на зеленчукови култури во заштитени простори;<br>- организирање на практични примери за одгледување на цвеќарски видови во заштитени простори;<br>- изработување на ботанички атлас за зеленчукови и цвеќарски видови (корен, стебло, лист, цвет, плод и семе од градинарски и цвеќарски видови);<br>- организирање посета на заштитени простори каде се одгледуваат градинарски и цвеќарски | - Производство на цвеќе во заштитни простори |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | објекти;<br>- да врши екстериерно уредување на дворни површини од јавен карактер;<br>- да применува постапки за органско производство во заштитени простори;<br>- да бере, сортира и пакува градинарски и цвеќарски видови. | видови. | |
| **3. ПОДИГАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ** | **60** | - Да изработува план за подигање на паркови;<br>- да избира дрва и украсни грмушки за подигање на паркови и да креира соодветен колорит од нив;<br>- да вклопува различни видови рози при планирање на паркови;<br>- да употребува дополнителни елементи при подигање на паркови;<br>- да обликува грмушки и крошни од дрво;<br>- да подига и одржува тревници;<br>- да вградува цветни алеи при подигање на паркови;<br>- да ги одржува парковите. | - Изработување на детални планови за уредување на различни типови паркови;<br>- демонстрирање на постапки за компонирање на украсните дрвја и грмушки според морфолошките особини (форма и боја на лист, висина и боја на стебло, форма и боја на цвет, климатски и опочвени карактеристики и сл.);<br>- демонстрирање на постапки за обликување на грмушки и крошни од дрва. | - Подигање и одржување на паркови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. АРАНЖИРАЊЕ НА ЦВЕЌЕ** | **42** | - Да подготвува цветни аранжмани за различни пригоди;<br>- да компонира стилови на цветни аранжмани;<br>- да сложува лини и боии при подготовка на цветни аранжмани;<br>- да сложува бои и контрасти при изработка на цветни аранжмани. | - Користење на садови за изработка на цветни аранжмани;<br>- организирање на практична настава во локални цвеќарници;<br>- демонстрирање техники за изработка на цветни аранжмани според хиерархијата на личностите. | - Аранжирање на цвеќе |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

Според зацртаните цели на задолжителната програма по ***практична настава*** ќе се применуваат: дискусија, демонстрација, објаснување, инструирање, набљудување, работа во групи, работа во парови, индивидуална работа, истражување и самооценување.

Активности на ученикот: вежба предвидени работни операции, открива односи и законитости, анализира, дискутира и презентира, истражува, критички размислува и одлучува, забележува, поставува прашања, доведува во врска (создава врска), пишува, анализира, диференцира, детерминира, покажува, применува, коментира и притоа тимски соработува со групата, сам се оценува и сл.

Активностите на наставникот: планира, организира и реализира практична настава, објаснува, организира работа во групи, ги поттикнува учениците на конгнитивно, психомоторно и афективно однесување, организира и реализира посета на: земјоделски стопанства, заштитени простори, Факултетот за земјоделски науки и храна, земјоделски саеми, паркови, цвеќарници, врши проверување и оценување на резултатите на учениците.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***практична настава*** треба да се реализира преку изведување на практични операции, вежби, практични задачи во училишни економии, реални училишни компании и цвеќарници. Содржините од наставниот предмет практична настава опфаќаат области од подигање и одржување на паркови, производство на цвеќе во заштитени простори, цвеќарство на отворено и аранжирање на цвеќе.

Потребно е да се организира посета на земјоделски стопанства, заштитени простори, Факултетот за земјоделски науки и храна, земјоделски саеми, паркови и цвеќарници.

Поради специфичноста на наставните содржини, наставата да се организира во блок часови или, пак, да се организира во зависност од условите во училиштето, како и временските услови. Карактерот на овој наставен предмет бара специфична организација на наставата, односно поделба на паралелката во групи, што овозможува квалитетна настава и следење на процесот на работа. Редоследот на темите по подрачја може да се преструктуира во зависност од временските услови или условите во училиштето.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Предметот ***практична настава*** има, пред сé, практично значење кое се остварува преку реализација на одделни вежби, демонстрации, практични операции и работни задачи. Во наставниот процес треба да се користат разновидни наставни средства и помагала: замјоделска техника, градинарски алат, градинарски производи (во свежа, сушена состојба), цвеќиња, хербариуми, хемиски заштитни средства и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците по предметот ***практична настава*** треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите учесници во воспитно-образовниот процес. Се остварува преку најразновидни форми и постапки: усни проверки, проверки и оценување на практичните способности и стекнатите вештини на учениците при вршењето на вежбите и практичните задачи.

Во текот на учебната година учениците се оценуваат најмалку со по две оценки во секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал соодветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставната програма ***практична настава*** ја реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделство,*** градинарско-цвеќарска или општа насока**.**

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата по овој предмет, потребно е наставата да се реализира во специјализирани кабинети, во училишни економии, реални училишни компании, земјоделски стопанства, заштитени простори, Факултетот за земјоделски науки и храна, земјоделски саеми, паркови и цвеќарници.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 7.1. Датум на изработка: март 2008 година

**Состав на работната група**

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Стефанка Хаџипецова, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Снежана Давчевска, наставник во СУГС „Браќа Миладиновци” - Скопје
4. Зоран Весковски, ИЗ „Китка” - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***практична настава*** ја одобри министерот за образование и наука со решение

број ***11-4721/9*** од ***20.06. 2008*** година.